**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**- Секретаријат за законодавство -**

**Бр.** 01-1482/1 **од** 14.03.**200**8 **год.**
**Скопје**

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр. 58/2000 и 44/2002), Секретарот на Секретаријатот за законодавство на Влада на Република македонија, донесе

# У П А Т С Т В О
## за користење на службено возило за службени потреби и такси во Секретаријатот за законодавство

1. Државните службеници, вработени во Секретаријатот за законодавство за службени потреби, можат да користат возило кое од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија е доделено на Секретарот на Секретаријатот за законодавство во случаи утврдени со ова упатство.

2. Службеното возило од точка 1 на ова упатство вработените државни службеници во Секретаријатот за законодавство можат да го користат само за службени потреби во смисла на превоз **до и од** надлежна институција заради спроведување на службената активност (состанок) или во случај на службено патување во странство (до аеродром), до колку во тој случај возилото нема потреба да е ангажирано за реализирање на службени активности и потреби на Секретарот на Секретаријатот за законодавство.

Користењето на службеното возило во случаите наведени од став 1 на ова точка се врши по претходно барање од непосредно раководниот државен службеник и одобрение од Секретарот на Секретаријатот за законодавство.

3. Во исклучителни случаи кога возилото заради службените потреби на Секретарот на Секретаријатот за законодавство не може да се користи, а одлагањето на службената активност би нанела штетни последици, државните службеници вработени во Секретаријатот можат да користат услуги на такси службите на подрачјето на градот Скопје.

4. При користење на услугите од точка 2 на ова упатство, државните службеници се должни да обезбедат фискална или друга валидна сметка, во која, покрај другото, ќе бидат наведени име и презиме на државниот службеник корисникот на услугата, датумот на услугата, релацијата, времето и износот за плаќање.

5. Фискалната, односно другата валидна сметка ја потпишуваат државниот службеник - корисник на услугата и од непосредно раководниот државен службеник, а исплата ја одобрува Секретарот на Секретаријатот за законодавство.

6. Ова Упатство влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на огласна табла во просториите на Секретаријатот за законодавство.

С Е К Р Е Т Р,
Лила Пејчиновска Миладиновска